Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-799/13
22-12-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-799/1 од 08.11.2023 година поднесена од [redacted] од Гостивар против [redacted] за сторена дискриминација врз основа на раса и етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.12.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ЗАПИРА** постапката по претставка бр. 08-799/1 од 08.11.2023 година заради повлекување на претставката од страна на подносителот [redacted]

## Образложение

На ден 08.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на раса и етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] против [redacted] заведена под бр. 08-799/1.

Подносителот на претставката на ден 21.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за повлекување на постапката, заведено под арх. бр. 08-799/12, со кое ја извести Комисијата дека бара да се прекине постапката и се откажува од понатамошниот процес по неговата претставка со арх. бр. 08-799/1.

Во оваа насока, член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи: „Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето."

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
22.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива